ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ
# на
# ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР на РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- Централен регистар на Република Северна Македонија обезбедува целосно, ефикасно, навремено, рационално, стручно и законито извршување на работите од својата надлежност;
- Централен регистар на Република Северна Македонија врши квалитетно обединување на податоците и информациите од повеќе различни институции и меѓусебна размена на податоци;
- Централен регистар на Република Северна Македонија ги имплементира сите позитивни промени во сферата на бизнис регистрите со цел да се обезбедат информации за компаниите во Северна Македонија;
- Централен регистар на Република Северна Македонија обезбедува единствена примена на законите и другите прописи во водењето и обединувањето на регистрите и единствената методологија и постапка;
- Централен регистар на Република Северна Македонија врши поврзување и координирање на работата на регионалните регистрациони канцеларии и регистрационите канцеларии;
- Централен регистар на Република Северна Македонија го поддржува Системот за Управување со Квалитет во согласност со барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2015;
- Централен регистар на Република Северна Македонија се стреми да одржува тим од висококвалификуван и мотивиран персонал, води сметка за одржување на благопријатен творечки амбиент, при што секој извршител е свесен за важноста на своите дејствија во однос на задоволувањето на барањата на корисниците на услуги и просперитетот на Регистарот;
- Централен регистар на Република Северна Македонија применува процесен приод кон создавањето и одржувањето на системот за управување со квалитет. Во врска со тоа извршува идентификација, планирање, воведување, контрола и континуирано подобрување на сите процеси кои имаат влијание врз квалитетот на услугите на Регистарот;
- Раководството на Централен регистар на Република Северна Македонија периодично извршува контрола на политиката, функционирањето на системот за управување со квалитет, исполнувањето и поставувањето на нови цели за квалитет;
- Во рамките на сопствената развојна стратегија, Централен регистар на Република Северна Македонија се стреми кон континуирано проширување на лепезата на сопствени услуги и примена на современи методологии, инструменти и алатки кои ќе придонесат за максимално задоволство кај корисниците на услуги.

*Скопје, 30.09.2020 година*

Директор

Марија Бошковска - Јанковски